Здружение на општини-ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РМ - ЗЕЛС
Бр. 0202-931/2
07.12.2020 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

од 15-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС

7 декември, 2020 г.

**Присутни**:
Петре ШИЛЕГОВ (Градоначалник на Град Скопје), Висар ГАНИУ (Градоначалнк на Општина Чаир), Митко ЈАНЧЕВ (Градоначалник на Општина Кавадарци), Саша БОГДАНОВИЌ (Градоначалник на Општина Центар), Коста ЈАНЕВСКИ (Градоначалник на Општина Струмица), Сашо ПОЦКОВ (Градоначалник на Општина Гевгелија), Аљбон ЏЕМАИЛИ (Градоначалник на Општина Боговиње), Максим ДИМИТРИЕВСКИ (Градоначалник на Општина Куманово), Аце КОЦЕВСКИ (Градоначалник на Општина Велес), Медат КУРТОВСКИ (Градоначалник на Општина Маврово-Ростуше), Ивица ТОШЕВСКИ ( Градоначалник на Општина Ранковце) и Илија ЈОВАНОСКИ, (Градоначалник на Општина Прилеп и претседател на Надзорниот одбор на ЗЕЛС).

**Дискусија**:

Согласно членот 22, став 4 од Статутот на ЗЕЛС, Управниот одбор може да работи и на седници организирани да се одржат на електронски начин. Следствено, Управниот одбор на 7 декември 2020 година ја одржа својата 15-та седница на електронски начин, преку користење на софтверска платформа достапна на интернет поставена на следната интернет адреса: www.zoom.us. Текот на седницата се одвиваше на начин кој овозможува видео и гласовна комуникација во група составена единствено од членовите на Управниот одбор, а гласањето се констатира со гласовно потврдување на членовите вклучени на платформата.

Управниот одбор го усвои следниот предлог:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Одлука за свикување на седмата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;
2. Одлука за усвојување на Предлог – Финансискиот план за работа на ЗЕЛС – Буџет на ЗЕЛС за 2021 г.;
3. Одлука за усвојување на Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2021 година.
4. Одлука за усвојување на Предлог – Стратешки план на ЗЕЛС за периодот 2021 – 2025 г.;
5. Одлука за усвојување на Предлог – Планот на активности (Акцискиот план на ЗЕЛС) за 2021 г.;
6. Разно

**ПРВА ТОЧКА**: Одлука за свикување на седмата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;

Управниот одбор согласно Статутот на ЗЕЛС е орган кој ги свикува седниците на Генералнот Собрание на ЗЕЛС.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС ја свикува 7-ма седница на Генералнот Собрание на ЗЕЛС да се одржи на 24 декември, 2020 г. на електронски начин.

Генералното собрание ќе одлучува по следниот предлог:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Одлука за избор на член во Управниот одбор на ЗЕЛС;
2. Одлука за избор на член во Комитетот на совети при ЗЕЛС;
3. Одлука за усвојување на финансискиот план – буџетот на ЗЕЛС за 2021 година;
4. Одлука за усвојување Стратешкиот план на ЗЕЛС за периодот 2021 – 2025 г.;
5. Одлука за усвојување на Акцискиот план – планот на активности на ЗЕЛС за 2021 година.
6. Разно

Гласањето по точките на дневниот ред ќе се одвива преку заверена изјава од страна на делегатите доставена до Генералното собрание најдоцна до терминот утврден како време на отпочнување на седницата.
За да се олесни целата процедура на работа на Генералното собрание на ЗЕЛС, членовите на Управниот одбор ги предложиа и кандидатите за членови во Управниот одбор, како и во Комитетот на совети на ЗЕЛС. За нов член на Управниот одбор е предложен Николчо Илијев, градоначалник на Кочани, а за нов член на Комитетот на совети е предложена Викица Манолева, претседател на совет на општина Радовиш.

**ВТОРА ТОЧКА**:

Управниот одбор го разгледа Предлог – финансискиот план на ЗЕЛС за 2021 г. (буџетот на ЗЕЛС).

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС го усвојува Предлог – финансискиот план за работа на ЗЕЛС за 2021 г. (буџетот на ЗЕЛС) и истиот го доставува на усвојување на Генералното Собрание на својата прва наредна седница.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Одлука за усвојување на Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2021 година.

Управниот одбор го разгледа Планот за јавни набавки и отвори дискусија.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор го усвои планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2021 г.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Одлука за усвојување на Предлог – Стратешки план на ЗЕЛС за периодот 2021 – 2025 г.;

Управниот одбор го разгледа Предлог – Стратешкиот план на ЗЕЛС за периодот 2021 – 2025 година и отвори дискусија. Планот е изготвен врз основа на доставен прашалник до сите општини, а со него се утврдуваат 3 стратешки цели со многу новини во претстојните 5 години од развојот на ЗЕЛС и развојот на системот на локалната самоуправа.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС го усвои Предлог – Стратешкиот план ана ЗЕЛС за периодот 2021 – 2015 година и го доставува на усвојување до Генералното Собрание на својата прва наредна седница.

**ПЕТТА ТОЧКА**: Одлука за усвојување на Предлог – Планот на активности (Акцискиот план на ЗЕЛС) за 2021 г.;

Присутните го разгледаа Предлог – Планот на активности на ЗЕЛС за 2021 година кој ги следи целите разработени со Стратешкиот план на ЗЕЛС за периодот 2021 – 2025 година.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор го усвои Предлог – Планот на активности на ЗЕЛС за 2021 година и истиот го доставува на разгледување од страна на Генералното Собрание на ЗЕЛС на својата прва наредна седница.

**ШЕСТА ТОЧКА - РАЗНО**:

Градоначалникот на општина Кавадарци, потпретседател на ЗЕЛС, предложи Управниот одбор да отвори дискусија по три актуелни прашања кои ги засегаат општините во овој период и тоа;

1. Проблеми при постапување со бесправно изградените објекти
2. Информација за постапката на донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во однос на планјрањето на буџетот
3. Проблемот со драстично намалените средства од трансфери од Јавното претпријатие за државни патишта

***

1. Проблеми при постапување со бесправно изградените објекти

Општините се соочуваат со проблем на преголем број на нерешени предмети за легализација на бесправно изградени објекти за кои има доказ дека се изградени по рокот утврден со Законот односно по 3 март, 2011 година. Општините располагаат со докази користејќи го јавно достапниот сервис на интернет - google maps каде со увид во сателитските снимки можат со сигурност да утврдат дека објектите се изградени по датумот утврден со Закон. Но во постапка по жалба второстепените органи, како и Судовите во постапка по вложена тужба, обата не ги признаваат доказите обезбедени преку увид во сателитските снимки преку интернет. Следствено, општината е во состојба истите да не може нити да ги одбие како поднесено барање без основ, нити истите може да ги легализира со оглед на доказите со кои располага. Станува збор за огромен број на вакви предмети, дури и десетици илјади низ целата Република.

За оваа цел беше истакнато барање, ЗЕЛС да се обрати со барање за толкување до Врховниот Суд, но во дискусијата беше укажано дека овој Суд нема надлежност да дава толкување за примена на Законот, а дополнително, овој Закон веќе не е на сила со истек на Законски утврдениот рок на негово важење.
Праксата која им беше предложена на општините за надминување на состојбите се однесува на принципот на постапување по Одлука на второстепен орган, што би значело да се донесе акт за одбивање на барањето со право на жалба, а во жалбената постапка по истата да одлучи второстепениот роган чие Решение е задолжително за општината, и вториот предлог, општините да поднесат предлог за поведување на кривична постапка против барателите кои дале изјава под полна материјална и кривична одговорност за периодот на изградба на бесправниот објект. Солуцијата за поднесување на предлог за поведување на кривична постапка би подразбирало дека општините би го затрупале државното јавно обвинителство со предмети. За оваа цел, беше побарано ЗЕЛС да донесе свој став, во форма на декларација за постапување на сите општини заради воедначено постапување на најсоодветен начин во надминувањето на проблемот со овие предмети.

Во однос на новиот предлог Закон, за кој средба со министерот за транспорт и врски одржа Управниот одбор на ЗЕЛС во рамките на својата претходна седница, беше побарано да се реафирмира барањето сателитските снимки од google maps da бидат земени во предвид како доказ во постапките. Присутните беа потсетени дека согласно заклучокот на Управниот одбор на

претходната седница, ЗЕЛС побара Министерството да предвиди дополнителни докази заради избегнување на сегашните проблеми при легализацијата со новиот Закон.

2. Информација за постапката на донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во однос на планјрањето на буџетот

На предлог на ЗЕЛС, Владата изготви Предлог – Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа кој е во собраниска постапка на донесување, а со кој сопствените приходи на основниот буџет на општината може да се планираат со пораст од најмногу 30% од просечно остварените приходи во последните три години, според податоците од трезорската евиденција. Општините согласно Закон исто така се должни да ја отпочнат постапката на изготвување на Предлог – буџетот, заради што е потребно што поскоро донесување на овие измени на Законот заради соодветно планирање на средствата.

Управниот одбор упати апел до Собранието да ја забрза постапката на донесување на овој Зкаон кој според сознанијата е во пакет со донесувањето на буџетот на Републиката за следната година.

3. Проблемот со драстично намалените средства од трансфери од Јавното претпријатие за државни патишта

Управниот одбор констатираше дека во изминатите неколку години, заради промена на прописите на претходната Влада, значително се намалени трансферите за реконструкција, рехабилитација и зимско одржување на патната инфраструктура од страна на Јавното претпријатие за државни патишта. Овој тренд се случува спротивно на зголемувањето на бројот на возила што би требало да значи поголем приход во буџетот а со тоа и поголем трансфер на средства.

**Скопје, 7 декември, 2020 г.**

**Составил,**
**Стручна служба на ЗЕЛС**